До Агенцијата за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги

**Р Е А К Ц И Ј А**

на Вашите одговори (УПП 3/19, УПП 3/21, УПП 3/22)

Почитувани,

Ви благодарам за Вашите одговори. Оваа реакција ја пишувам со цел да појаснам некои работи.

**УПП 3/19 – Ваш одговор на претставка врз ЈРП Македонска радио телевизија**

Во врска со некатегоризирањето на филмови и серии на МРТ 3 – не емитуваа предупредувања ниту сигнализација во текот на целото емитување на програмите неповрзани со спортот (филмови, серијали) иако истите беа емитувани во подоцнежните часови. По поднесувањето на претставката увидов дека истите почнале да ги категоризираат.

Во врска со „непотребата од категоризирање" за „Македонски народни приказни"" на Собранискиот канал – не се согласувам со Вас. Да се работеше за програма од прва категорија, не би претставувало проблем, но се работи за програма од втора категорија и сметам дека коректно е истата да се категоризира, дури и да е една.

**УПП 3/21 – Ваш одговор на претставки врз ТРД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје**

Точно е дека всушност станувало збор за филмот „Самитот на Шаманите". Бидејќи мојот оператор не ми овозможил програмски водич, морав да се служам со веб-страница насловена како „ТВ Профил", за чија точност и тогаш се сомневав. Делото требало да биде категоризирано минимум како четврта категорија (16+), затоа што содржи сцени со јасно прикажана голотија, а Правилникот не дозволува прикажување на еротски сцени со фокус на непристојни физички детали за третата категорија програми.

Во врска со програмите кои ги посочувате, а биле беспотребно категоризирани како прва / втора категорија - тоа можеби укажува и на потенцијална неинформираност во врска со тоа кои програми треба да се категоризираат, а кои не. Сепак, не би сакал да се фокусирам на оваа дигресија.

Во врска со мојата „паушална 'полноќна' саатница" - не бев во можност да наведам конкретни термини на емитување на програмите, ниту нивните наслови поради немањето пристап до програмски водич, а истите не ги затекнав на почетоците на емитување. Сепак, точни се Вашите претпоставки за филмот „Незаборавна пролет во заборавено лето" и претставата „Безљубни", а веројатно точна е и претпоставката за филмот „Одмазда".

Во врска со моето „непосочување конкретни одредници" кои ја „оспоруваат мојата објективност" - просто кажав „екстремно вулгарен говор" бидејќи мислев дека ќе биде несоодветно во претставката да ги наведувам вулгарните зборови кои беа искажувани во делата, а кои сепак беа наведени во доказниот материјал. Впрочем, вулгарниот говор го посочив во контекст дека е недозволив во програмите од прва категорија, а не во контекст дека тоа е основната намера на делата. Што се однесува до мојот израз, цитирам: „нагласени еротски сцени – целиот фокус на претставата" - истата не ја затекнав на почетокот на емитувањето, па поведен од нагласените еротски алузии и насловот на делото („Безљубни"), погрешно претпоставив дека сексуалната тензија била фокусот на делото како целина, што, признавам, е очигледна грешка од моја страна. Сепак, немав намера да искажам личен став за делото, туку фокусот ми беше на несоодветната категоризација.

Во врска со редовниот административен и програмски надзор кои сте ги спровеле врз Наша ТВ – убаво што сте ги спровеле, но се чини дека за време на истите не сте го констатирале прекршокот на членот 21 од Правилникот, т.е. користењето на визуелен знак во форма на жолт круг без наведена возраст (8+) во него за втората категорија програми.

## УПП 3/22 – Ваш одговор на претставка врз ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип

Точно е дека во промотивната најава за филмот „Рецепт за убиство" не беа прикажани **последиците** од консумирање на дрога, но **останувам на ставот** дека сцените со консумирање на дрога не требало да бидат прикажани во најавата, зашто според Правилникот, промотивните најави не смеат да бидат составени од сцени кои можат да им наштетат на малолетните лица, а истите можат да бидат прикажувани во текот на целото деноноќие, за разлика од делата кои можат да бидат емитувани од 20:00 до 5:00 часот.

Треба да се земе предвид и моралниот аспект т.е. состојбата со зависностите во нашата држава, дел како резултат на противзаконското продавање на цигари на малолетници во т.н. „маалски продавници".

Во однос на долготрајноста - самата најава е кратка, но тоа станува неважно кога ќе се земе предвид фактот дека истата е емитувана неколку дена пред емитувањето на самиот филм, притоа повеќепати дневно.

---

Проблемите со честата несоодветна категоризација би можело да се решат со изработка на помошник-софтвер, кој би бил задолжителен за сите радиодифузери и би се состоел од кратки прашања лесни за одговарање, а во врска со делата (нивниот жанр, честотата и степенот на насилство / еротика / употреба на опијати, присуството на треперечки светлини итн.). На крајот, софтверот би ја категоризирал програмата соодветно врз основа на одговорите од уредникот, за понатаму уредникот да може тоа да го примени и во емитувањата.

Најнакрај, во врска со потребата од „нужна регулаторна толеранција" за недоследно категоризирани дела – предноста на нашиот систем за категоризација на програми споредбено со системи на други држави е сигнализацијата во текот на целото емитување на програмите. Доколку таа е погрешна, работата е тотално промашена, а истата таа предност сега станува слабост т.е. родителите / старателите се **погрешно информирани** за содржините на програмите. Според тоа беа поднесени и моите претставки. Сепак, „регулаторната толеранција" не треба да се поистоветува со тотално игнорирање на пропустите, а јас како подносител на претставките немав намера да изјаснувам сопствено мислење за делата, туку да укажам на несоодветната категоризација.

Воедно, на ден 5.XI 2024 во 9:05 часот, ТРД ТВ Плус ДОО Куманово емитуваше емисија насловена како „Луѓе и настани" (оригинален наслов: „Људи и догађаји") за која не беа обезбедени македонски титлови иако беше на српски јазик.

Со почит,

Скопје, 6.XI 2024 г.